Правилник за начинот на пласирање на пазар на ѓубрињата во ринфузна состојба (*)

Службен В. на Р.М. бр: 154/2011 од 04.11.2011

Влегува во сила на: 05.11.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 21 став 4 од Законот за ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ЃУБРИЊАТА ВО РИНФУЗНА СОСТОЈБА ()

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пласирање на пазар на ѓубрињата во ринфузна состојба.

### Член 2

Ѓубриња од сите типови и видови во ринфузна состојба се пласираат на пазарот, се пакуваат во контејнери од дрвена, пластична и метална амбалажа, а се транспортираат во вагони-кипери, или во обични превозни средства кои имаат соодветна опрема за утовар и истовар, како и опрема за заштита на губрето од атмосферските услови.
Течните ѓубриња се складираат во боксови со различна големина, изработени од хемиски отпорни материјали на течни ѓубриња (нерѓосувачки челик, алуминиум и пластика).
Во ринфузна состојба не треба да се пласираат на пазарот амониумнитратни ѓубриња.
Ѓубрето во ринфузна состојба може да се складира во магацини во форма на куп.

### Член 3

За пласирање на ринфузни ѓубриња на пазарот, големината на пакувањето на ѓубрињата за исхрана на растенијата во ринфузна состојба ја одредува произведувачот во договор помеѓу потрошувачот и производителот.
За квалитетот на пакуваното ѓубре во ринфузна состојба производителот одредува одговорно лице, кое гарантира за квалитетот на ѓубрето.

### Член 4

Произведувачот ѓубрето во ринфузна состојба го произведува по потреба на потрошувачот.
Ѓубрето треба да ги исполнува критериумите што се бараат од потрошувачот, и треба да бидат составен дел на декларацијата.
Декларацијата треба да содржи:
- тип на ѓубре;
- составот на ѓубре;
- име на производителот;
- дата на производство;
- трајност;
- начин на пакување;
- начин на транспорт и
- упатство за начин на чување на ѓубрето.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулатива на Европскиот парламент и Совет 2003 /2003 од 13 октомври 2003 година која се однесува на вештачките ѓубриња со CELEX br.32003R2003

### Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".
Бр.17-318/5 Министер за земјоделство, октомври 2011 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.